**ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ**

за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година

1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес
   - 1.1 Назив на здружението и фондацијата од јавен интерес: Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје
   - 1.2 Седиште/ Адреса: Бул. Свети Климент Охридски бр. 63А-8, Скопје
   - 1.3 Податоци за контакт: Факс: / ; e-mail: info.umpaki@gmail.com ; веб страница: www.umpaci.com ; Тел. 072230688
   - 1.4 Дејност од јавен интерес: Уметност, култура и заштита на културно наследство
   - 1.5 Години на дејствување: повеќе од четири годни (2016- )
   - 1.6 Ниво на дејствување: Национално
   - 1.7 Организациска структура: Собрание, Надзорен и Управен одбор
   - 1.8 Човечки ресурси: Четири хонорарно ангажирани лица и двајца волонтери
   - 1.9 Членство во домашни и меѓународни мрежи: b.creative Network

2. Буџет
   - 2.1 Вкупен буџет: 2.161.904 денари
   - 2.2 Извори на финансирање: Буџет на РСМ

3. Резиме на програмата за работа

Во 2020 година УМПАКИ успеа да ја реализира зацртаната Програма за дејствување во 2020 година. Имено се направија и реализираа следните активности кои во голема мера беа во заедничка соработка со организации со кои Унијата има склучено Меморандуми за соработка:

- Се спроведоа дополнителни локални и регионални истражувања за културните и креатвните индустрии во РСМ и Западен Балкан
- Актвно се зеде учество во управување со проекти кои бараа решавање на проблеми и споделување на практики за соработка меѓу одделните асоцијации кои се дел од Унијата
- Активно се работеше и се даваше поддршка на правни лица и организации од областа на програмирање, фотографија, музика, архитектура, дизајн и филм
- Се одржаа состаноци помеѓу работни групи од Унијата со Организации за управувањесо авторските и сродните права во Република Северна Македонија, во музиката, литературата и др.
- Активно учество на процесот на изработка на „Cultural Peer Review", проект организиран од Советот на Европа, а во соработка со Министерството за култура на РСМ
- Активно учество на домашни форуми и конференции од областа на креативните индустрии – форум за креативните градови на иднината, во соработка и под покровителство на УНЕСКО во Битола, Август 2020 година
- Активно учество на форуми за „Продукциски дизајн" и „Дигитална дитрибуција на аудивизуелни дела"
- Активно учество на интернационална конференција одрганизирана од SAA (The Society of Audiovisual Authors) настан на кој беа презентирани и споделени моменталните ситации предизвикани од Ковид 19 пандемијата на глобално ниво

- Оддржување на работни средби со членките на Унијата, со цел согледување на моменталните состојби предизвикани од од Ковид 19, како и правење краткорочни планирања и стратегии за следниот период на функционирање на УМПАКИ
- Согласно планираните активности, се аплицираше во Креативна Европа, со уште седум останати организации од Европа, од културните креативни индустрии
- Се спремаа проектни апликации за поднесување во неколку домашни и регионални фондови за поддршка при реализација на културни настани

Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии **УМПАКИ Скопје**, изминатата (2020) година во текот на месец ноември, **по втор пат** го реализираше проектот **„Видео игротека''**.
Проектот започна со објавување повик за подготовка на концепт за видео игра на тема „Зачувување на животната средина" за млади лица на возраст од 10 до 18 години со цел подигање на свеста за заштита на животната средина. Екологијата како тема која е актуелна и етичкиот однос кон животната средина е клучен за развој на едно општество, култура и економија, а истовремено младите се учат и како да ги користат новите технологии на креативен начин.
Повикот наиде на голем интерес од страна на медиумите и го споделуваа на своите сајтови, за што сме премногу среќни и задоволни и можеме да кажеме дека имаше околу дваесетина објави на познатите домашни медиуми.
Иако очекувавме многу поголем интерес на пријавени учесници, сепак беа пријавени десетина предлози, но што е најбитно сите тие проекти беа многу квалитетни и жирито имаше навистина тежок избор да одбере два најдобри.
Пријавените идеи ги оценуваше трочленото жири составено од Гораст Цветковски, Саша Станишиќ и Петар Котевски.
Целта на самиот проект **„Видео игротека"** беше да се промовира етичкиот однос кон природата и да го потенцира овој проблем како многу битен и клучен за развој на здраво општество и земја. Видео игрите кои се дел од активностите од проектот треба да послужат како алатки за подигање на општествената свест кај младите. Идејата беше да и младите се запознаaат со креативните можности кои ги нуди еден од најбрзо растечките нови медиуми, а тоа се видео игрите.

Исто така во периодот од 30.11 до 01.12.2020, **УМПАКИ Скопје,** за прв пат го реализираше проектот **"Меѓународен форум на креативно културно претприемништво"** на кој главни активности беа: промоција на креативното претприемништво, едуцирање на учесниците за креативното претприемништво преку интерактивни работилници и вмрежување на учесниците со можност за идни партнерства. Форумот се состоеше од дводневна програма составена од две форум-дискусии, работилница, една сесија на брзи состаноци („Speed dating") и две сесии во кои се споделија успешни и добри практики на креативно претприемништво од земјава. На форумот земаа учество 27 домашни и странски учесници од различни сегменти на креативните индустрии и креативното и културно претприемништво. Преку преносот во живо на повеќе канали настаните на форумот ги проследија повеќе од 1000 луѓе. Првиот ден од настанот се реализираше во простор на хотел „Солун" во Скопје, со физичко присуство, но имаше можност да се следи и онлајн преку платформата Cinesquare, на веб-страницата на настанот, како и на Фејсбук. Настанот го отвори претседателката на УМПАКИ, а обраќање на темата „Креативните индустрии во време на ковид-19 и важноста на културно креативно претприемништво за земјите од Западен Балкан" имаа и говорници – претставници од: Министерството за култура, Агенцијата за поттикнување на претприемништво, ЕУ Делегација, ЦЕЕД Хаб и други експерти од индустријата. Дополнително имаше учесници од Белгија, Србија, Албанија, Бугарија, Романија и Финска кои онлјан ги презентираа своите проекти и актуелни предизвици. Вториот ден од настанот се одвиваше целосно онлајн и се реализираше една работилница кој ја модерираше Артур Ле Гал од КЕА-Белгија, презентација на успешни практики од областа и брзи состаноци („Speed datings"). Работилницата со тема „Ослободување

на потенцијалите од креативните индустрии и креативното претприемништво – можност за развој на бизнис-идеја и можности за финансирање/културно креативно претприемништво како можност за меѓународна соработка" се фокусираше на одржување на креативниот екосистем низ Европа, како и пристап до финансии и креативни бизниси - како да се артикулираат различни извори на финансирање и како да се мешаат јавно и приватно финансирање.

Резултатите кои беа постигнати преку реализација на проектот:

- Разбирање на моделот на креативно претприемништво и јакнење на претприемачки дух кај учесниците;
- Промоција на креативното претприемништво;
- Воспоставени партнерства за можни идни соработки во културата и креативните индустрии;
- Поттикнување на засегнатите страни за вложување во креативно културно претприемништво;
- Приближување на ЕУ целите во однос на креативните индустрии и претприемништвото преку споделување практични примери и размена на искуства од меѓународни партнери.

Проектите беа финансиски поддржани од страна на Министерството за култура на Р. С. Македонија, а воедно ни претставуваше чест и огромно задоволство што во време на пандемија се овозможи да се одржат истите, придонесувајќи за развивање на културата во нашата држава.

4. Транспарентност и отчетност

Работењето на Унијата вклучително со извештаите, како и годишната сметка беа уредно доставени до Органите на управување и истите на оддржани работни седници беа одобрени и усвоени, согласно Статутот на Унијата. Годишните извештаи на Унијата за 2020 година, ќе бидат уредно достапни и на веб страната на Унијата, со цел да се обезбеди целосна транспарентност во работењето.

Годишните приходи за периодот 01.01.2020 – 31.12.2020 год. изнесуваат 2.161.904 денари и истите беа обезбедени од Министерствот за култура, на јавен конкурс, за реализација на два од реализираните проектите, поточно за проектите „Видеоигротека" и „Меѓународен форум на креативно културно претприемништво".

Во наведениот период не беа направени статусни промени.

Конфликт на интереси или евентуални судири на интереси не постојат во УМПАКИ и истото е регулирано со Статутот на Унијата.
Во телата на УНИЈАТА се делегирани членови од страна на Асоцијациите – членки на УНИЈАТА .

Во наведениот период 01.01.2020 – 31.12.2020 година не беше поведена постапка за забрана и престанок со работа на здружението и фондацијата; не беше поведено постапка за стечај или ликвидација на Унијата; Жиро сметката беше активна и оперативна односно истата не беше блокирана.

Деловниот и финанскиот извештај ќе бидат доставени до Владата на РСМ и Комисијата за организации со статус од јавенинтерес, и истовремено уредно ќе бидат поставени и ќе бидат

достапни на нашата веб страница, со цел комплетно, транспаретно и јавно известување, согласно Статуот на УМАПКИ.

Скопје, 16.03.2021
Место Датум

Елена Бојаџиева - Цветковска
Лице одговорно за составување
на извештајот

________________________
Своерачен потпис

Елена Бојаџиева - Цветковска
Одговорно лице на организацијата
со статус од јавен интерес

________________________ М.П.
Своерачен потпис

Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии
УМПАКИ
СКОПЈЕ